РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3365/2
17.11.2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 55-тата седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3365/1 од 13.09.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека погоре наведената пријава нема јасни наводи и укажувања за незаконитости и недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, заради стекнување корист за себе или за друг.

Предметот со архивски број 12-3365 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3365/1 од 13.09.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот), по електронски пат. Во прилог на пријавата доставени се фотографии како докази.

Ценејќи ја содржината на доставената пријава и доставените докази, ДКСК констатира дека во предметот нема јасни наводи и укажувања за незаконитости и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, заради стекнување корист за себе или за друг, за што ДКСК е надлежна согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т.